РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 15.05.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 3425/1 | 2 | |


Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 57-3065/11
14.05.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

До: Собранието на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што го утврди на седницата, одржана на 12 мај 2026 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална транформација и м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, а за повереник Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална транформација.

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2026.05.14 13:29:54 +02:00

Подготвил: Бљерта Камбери-Тахири, 12.05.2026
Проверил: Никола Пасков, 13.05.2026
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 13.05.2026
Согласен: Снежана Маркова Пендовски, 13.05.2026

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2026.05.13 09:57:55 +02:00

Институција Влада на Република Северна Македонија
Датум/Време 13.05.2026 09:46
Верификација Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=f1d28c34-7937-454e-ab09-b2b250f13e8c&materialId=da7c6779-f5bf-4edb-9eba-a9497d8be653

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална транформација и

м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација

ПОВЕРЕНИК: Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална транформација

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Скопје, мај 2026 година

ВОВЕД

## I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се уредуваат правата, обврските и одговорностите во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, вклучувајќи ги радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање; давателите на услуги платформи за споделување видеа и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои ги емитуваат или реемитуваат програмските сервиси на радиодифузерите. Целта на овој закон е да се обезбеди: развој на аудио и и аудиовизуелните медиумски услуги, промовирање на слободата на изразување, развој на независната продукција, поттикнување, унапредување и заштита на културниот идентитет, јазикот и традицијата на заедниците во Република Македонија, заштита на интересите на корисниците особено на малолетните лица, развој на медиумската писменост, транспарентен, независен, ефикасен и отчетен јавен радиодифузен сервис, транспарентно, независно, ефикасно и отчетно регулаторно тело во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и др.

Основниот текст на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од 2013 година е донесен поради потребата од усогласување на домашното законодавство со acquis communautaire на Европската унија, односно со Директивата број 2010/13/EU, позната како Директива за аудиовизуелни медиумски услуги.

Во јули 2023 година, измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по скратена постапка беа усвоени од Собранието и со тоа овој закон се усогласи со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги од 2018 година. Процесот беше транспарентен и инклузивен со вклученост на сите засегнати страни преку одржани јавни расправи, работилници и средби на експертско ниво. Процесот беше помогнат со вклученост на експерти кои беа дел од Проектот “ЕУ за слободата на изразување: усогласување на националното законодавство за медиуми со правото на ЕУ и европските медиумски стандарди”. Со измените на законот се овозможи дополнително зајакнување на капацитетите на регулаторното тело за соодветно спроведување на новите надлежности и промовирање на саморегулација и корегулација.

Причините за измена на законот произлегуваат од потребата за воспоставување јасен, предвидлив и одржлив систем на финансирање на радиодифузната дејност, кој ќе обезбеди соодветен баланс помеѓу јавниот интерес, институционалната независност и буџетската стабилност. Истовремено, измените имаат за цел доследно спроведување на законските обврски за обезбедување финансиски средства, со што се исполнуваат и обврските утврдени во Патоказот за владеење на правото, особено во делот на зајакнување на финансиската независност и капацитетите на јавниот сервис.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Основната цел на измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е да се воспостави фискално одржлива рамка за финансирање на радиодифузната дејност, преку утврдување на средства кои ќе се обезбедат од буџетот, при што финансирањето се лимитира на 1% од реализираните даночни приходи утврдени во завршната сметка на буџетот за 2023 година. Основицата за пресметување на средствата ќе се применува за период од пет години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Тоа ќе обезбеди стабилност и предвидливост на финансирањето, без притоа да се наруши ликвидноста и нормалното функционирање на буџетот.

III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Спроведувањето на овој закон ќе предизвика фискални импликации од Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ,КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на законот се предвидуваат финансиски средства кои ќе се обезбедуваат во рамки на постојните буџетски механизми, при што неговата примена не наметнува нови материјални обврски за засегнатите субјекти, туку обезбедува поодржлив и предвидлив финансиски систем.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), во член 105 ставот (1) се менува и гласи:

„Средствата за финансирање на радиодифузната дејност, за работењето и развојот на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија, Јавното претпријатие Македонска радиодифузија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, во висина од 1% од реализираните даночни приходи утврдени во завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.“

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува пет години од денот на влегувањето во сила.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлог на законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е систематизиран во два члена.

Со членот 1 се изменува членот 105 од законот во насока на воспоставување фискално одржлива рамка за финансирање на радиодифузната дејност, преку утврдување на средства кои ќе се обезбедат од буџетот, при што финансирањето се лимитира на 1% од реализираните даночни приходи утврдени во завршната сметка на буџетот за 2023 година.

Со членот 2 се утврдува влегувањето во сила на законот и дека тој ќе се применува во период од пет години од денот на влегувањето во сила.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖИНАТА НА ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија се меѓусебно поврзани.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложеното решение ќе придонесе за воспоставување постабилен и предвидлив систем на финансирање на радиодифузната дејност, што ќе овозможи зајакнување на институционалната независност, долгорочната финансиска одржливист и нивна ефикасност. Дополнително, ќе се обезбеди поголема транспарентност и отчетност во користењето на буџетските средства, како и предвидлива ликвидност на буџетот во целина.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБАТА ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ КОЈА СЕ ИЗМЕНУВА

### Финансирање на МРТ, ЈП "Македонска радиодифузија", Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Член 105

(1) Средствата за финансирање на радиодифузната дејност, за работењето и развојот на МРТ, Јавното претпријатие "Македонска радиодифузија" и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, во висина од 1% од реализираните даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија.

(2) Средства од ставот 1 се распоредуваат на следниов начин:

- 80% за МРТ за покривање на трошоци за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој,
- 15% за ЈП "Македонска радиодифузија" за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа и
- 5% за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

(3) Дополнителен извор на средства за финансирање на МРТ се донации, продажба на програма и услуги, како и средства остварени од емитување на аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации остварени во рамки на програмски содржини обезбедени врз основа на склучени посебни договори со обезбедувачи на аудио или аудиовизуелни дела со заштитени авторски права, во согласност со условите од договорот.

(4) Донациите од ставот (3) на овој член не смеат да влијаат или да ја нарушат уредничката независност на МРТ.

(5) МРТ е должна за набавката на аудио или аудиовизуелни дела, односно на програмски содржини да склучи посебен договор со обезбедувачот на аудио или аудиовизуелни дела, односно на програмски содржини.

(6) Начинот и постапката на спроведување на јавни конкурси, начинот и постапката за набавката на аудио или аудиовизуелни дела, односно на програмски содржини и склучување на договорите се утврдува со акт донесен од директорот кој треба да обезбеди транспарентност, економичност, ефикасност и ефективност во управувањето на финансиските средства на МРТ, согласно со годишната програма за работа на МРТ за наредната година, овој закон и актите кои произлегуваат од него.

(7) За постигнување и одржување на поголем степен на програмски и техничкотехнолошкиот развој на јавниот радиодифузен сервис можат да се издвојуваат и дополнителни средства и од Буџетот на Република Северна Македонија за таа намена.

(8) Дополнителни средства од Буџетот на Република Северна Македонија се издвојуваат и за капитални инвестиции за развој на јавниот радиодифузен сервис, за јавната радиодифузна мрежа или за техничко-технолошките капацитети на Агенцијата за развој на дејноста, врз основа на усвоена Студија за изводливост со финансиска конструкција на планираните трошоци и приложено образложение за нејзината оправданост. Владата ја усвојува Студијата во рок од три месеци од денот на нејзиното доставување.

(9) Доколку МРТ не ги потроши сите обезбедени средства од Буџетот на Република Северна Македонија во текот на годината, вишокот средства утврдени согласно годишниот финансискиот извештај се враќа во Буџетот на Република Северна Македонија.

(10) Средствата од став 1 од овој член се обезбедуваат преку Буџетот на Министерството за дигитална трансформација.

(11) Начинот на финансирање на програмските сервиси и финансиското управување ќе се уреди со Деловникот и подзаконските акти донесени од страна на Програмскиот совет.

**Влада на Република Северна Македонија**

## ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| **1. Назив на предлогот:** | **2. Министерство / орган на државна управа:** |
|---|---|
| Предлог на Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Министерство за дигитална трансформација |
| **3. Цел на предлогот:** | **4. Вид на предлог:** |
| Целта на предложените измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е да се воспостави фискално одржлива рамка за финансирање на радиодифузната дејност, преку утврдување на средства кои ќе се обезбедат од буџетот, при што финансирањето се лимитира на 1% од реализираните даночни приходи утврдени во завршната сметка на буџетот за 2023 година. | Предлог Закон |
| **5. Контакт лице и звање:** | **6. Контакт тел./факс или е-пошта:** |
| Мишко Талески<br>Раководител на Одделение за аудиовизуелни политики | +38976445365<br>misko.taleski@mdt.gov.mk |

| **7. Активност:** |
|---|
| |

| **8. Вид на барање:** | | |
|---|---|---|
| ( ) Регулатива во врска со ЕУ | ( ) Нова програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми |
| ( ) Друга нова регулатива | ( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Спојување на две или повеќе програми |

| **9. Цел на барањето / предложената активност:** |
|---|
| Владата на Република Северна Македонија да го утврди Предлог на Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој се однесува на членот 105 со кој се уредува финансирањето на ЈРП Македонска радиотелевизија, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и ЈП Македонска радиодифузија. |

| **10. Врска со владината програма:** |
|---|
| |

| **11. Фискални импликации:** | **(илјади денари)** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Тековна год.** | **Втора год.** | **Трета год.** | **Четврта год.** |
| А.Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 1.577.330 ден. | 1.577.330 ден. | 1.577.330 ден. | 1.577.330 ден. |
| B.Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0,- | 0,- | 0,- | 0,- |
| C.Промена (разлика) од одобрените средства (B-A) /<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | -1.577.330 ден. | -1.577.330 ден. | -1.577.330 ден. | -1.577.330 ден. |
| D.Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0,- | 0,- | 0,- | 0,- |
| E.Нето импликации на средствата на органот (C-D)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | -1.577.330 ден. | -1.577.330 ден. | -1.577.330 ден. | -1.577.330 ден. |
| F.Зголемување / намалување на приходите | 0,- | 0,- | 0,- | 0,- |
| G.Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор:____________________________ | 0,- | 0,- | 0,- | 0,- |
| 11. Нето зголемување /намалување на бројот на вработени во врска со предлогот: | 0,- | 0,- | 0,- | 0,- |
| 12. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 G) | 0,- | | | |
| 13. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, да се даде образложение | / | | | |
| 14. Дата на завршување на проценката | / | | | |
| 15. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење | / | | | |
| 16. Дата на добивање на одговор од | / | | | |

| Министерството за финансии | |
|---|---|
| 17. Измени побарани од Министерството за финансии | / |
| 18. Одговор на министерството-предлагач: | / |
| 19. Одговор од Министерството за финансии: | / |
| 20. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог | / |
| 21. Одобрено Дата | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Гордана Клинчарова**<br>____________________<br>Потпис на Државен Секретар или Директор на Орган/ | ____ /05/2026<br>Ден / месец / год. | **Стефан Андоновски**<br>____________________<br>Потпис на Министерот | ____ /05/2026<br>Ден/ месец/год. |

Република Северна Македонија

**Министерство за дигитална трансформација**

## П Р И Л О Г
## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| **Назив на министерство:** | Министерство за дигитална трансформација |
| **Назив на предлогот на закон:** | Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| **Одговорно лице и контакт информации:** | Мишко Талески<br>Електронска адреса: misko.taleski@mdt.gov.mk |
| **Вид на Извештај:** | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| **Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од:** | ☐ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ НПАА<br>☒ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☐Друго ______________________ |
| **Поврзаност со Директивите на ЕУ:** | / |
| **Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации:** | ☐Да<br>☒Не |
| **Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР:** | |
| **Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за јавна администрација:** | |
| **Датум на добивање на мислењето од Министерството за јавна администрација:** | |
| **Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат** | мај 2026 год. |

1

Република Северна Македонија

**Министерство за дигитална трансформација**

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1 Опис на состојбите

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е донесен во декември 2013 година од Собранието на Република Македонија, поради потребата од усогласување на домашното законодавство со acquis communautaire на Европската Унија, односно со Директивата број 2010/13/EU, позната како Директива за аудиовизуелни медиумски услуги. Со него се уредуваат правата, обврските и одговорностите во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, вклучувајќи ги радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање; давателите на услуги платформи за споделување видеа и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои ги емитуваат или реемитуваат програмските сервиси на радиодифузерите. Целта на овој закон е да се обезбеди: развој на аудио и и аудиовизуелните медиумски услуги, промовирање на слободата на изразување, развој на независната продукција, поттикнување, унапредување и заштита на културниот идентитет, јазикот и традицијата на заедниците во Република Македонија, заштита на интересите на корисниците особено на малолетните лица, развој на медиумската писменост, транспарентен, независен, ефикасен и отчетен јавен радиодифузен сервис, транспарентно, независно, ефикасно и отчетно регулаторно тело во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и др.

Во јули 2023 година, измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по скратена постапка беа усвоени од Собранието и со тоа овој закон се усогласи со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги од 2018 година. Процесот беше транспарентен и инклузивен со вклученост на сите засегнати страни преку одржани јавни расправи, работилници и средби на експертско ниво. Процесот беше помогнат со вклученост на експерти кои беа дел од Проектот "ЕУ за слободата на изразување: усогласување на националното законодавство за медиуми со правото на ЕУ и европските медиумски стандарди". Со измените на законот се овозможи дополнително зајакнување на капацитетите на регулаторното тело за соодветно спроведување на новите надлежности и промовирање на саморегулација и корегулација.

Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги произлегува од заклучокот на Владата од 03.03.2026 година, во рамките на 154-та седница, на која е разгледана Информацијата за утврдување на можно решение за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено, согласно точката 34, Владата го задолжува Министерството за

дигитална трансформација во рок од 90 дена да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Предлог законот е со цел да се воспостави фискално одржлива рамка за финансирање на радиодифузната дејност, преку утврдување на средства кои ќе се обезбедат од буџетот, при што финансирањето се лимитира на 1% од реализираните даночни приходи утврдени во завршната сметка на буџетот за 2023 година. Предвидено е по истекот на периодот од пет години да се изврши редефинирање на висината на средствата врз основа на актуелните финансиски показатели во буџетот. Тоа треба да обезбеди стабилност и предвидливост на финансирањето, без притоа да се наруши ликвидноста и нормалното функционирање на буџетот.

Инаку, на изработката на предлог текст на измената на членот 105 од ЗААВМУ кој го уредува финансирањето на ЈРП Македонска радиотелевизија, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и ЈП Македонска радиодифузија ѝ претходи анализа на финансиските импликации и консултации со надлежни институции, пред се со Министерството за финансии.

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Причините за измена на законот произлегуваат од потребата за воспоставување јасен, предвидлив и одржлив систем на финансирање на радиодифузната дејност, кој ќе обезбеди соодветен баланс помеѓу јавниот интерес, институционалната независност и буџетската стабилност. Истовремено, измените имаат за цел доследно спроведување на законските обврски за обезбедување финансиски средства, со што се исполнуваат и обврските утврдени во Патоказот за владеење на правото, особено во делот на зајакнување на финансиската независност и капацитетите на јавниот сервис.

## 2. Цели на предлог регулативата

Основната цел на измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е да се воспостави фискално одржлива рамка за финансирање на радиодифузната дејност, преку утврдување на средства кои ќе се обезбедат од буџетот, при што финансирањето се лимитира на 1% од реализираните даночни приходи утврдени во завршната сметка на буџетот за 2023 година. По истекот на периодот од пет години ќе се изврши редефинирање на висината на средствата врз основа на актуелните финансиски показатели во буџетот

Тоа ќе обезбеди стабилност и предвидливост на финансирањето, без притоа да се наруши ликвидноста и нормалното функционирање на буџетот.

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо"

Непреземањето чекори за законски измени ќе резултира со непредвидливост во делот на финансирање на радиодифузната дејност, што може да доведе до продолжена финансиска неизвесност, ограничена институционална независност и нивна намалена ефикасност. Со тоа ќе се доведат во прашање капацитетите на јавниот сервис, регулаторното тело и јавното претпријатие Македонска радиодифузија.

### 3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Решението се однесува на прецизно утврдување на висината на средствата за финансирање преку фиксирање на процент од реализираните даночни приходи од конкретна буџетска година, со што се обезбедува предвидливост и стабилност во финансирањето во среднорочен период. Дополнително, се предлага воведување механизам за редефинирање на висината на средствата по истекот на утврдениот период од пет години, врз основа на актуелните финансиски показатели, со цел прилагодување на финансирањето кон економските услови и фискалните капацитети на државата. Ваквиот пристап овозможува балансирање помеѓу финансиската сигурност и потребата од флексибилност во долгорочното планирање.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

**Економски влијанија**

Предложените законски измени ќе имаат позитивни економски влијанија преку воспоставување предвидлив и стабилен модел на финансирање, што овозможува поефикасно буџетско планирање и рационално управување со јавните средства. Со утврдување на фиксна основа за финансирање се намалува ризикот од финансиска неизвесност и се создава сигурност во работењето на релевантните институции, без

значително зголемување на вкупните буџетски расходи. Истовремено, воведувањето на механизам за периодично прилагодување на средствата овозможува усогласување со економските движења и фискалните капацитети, што придонесува за долгорочна фискална одржливост.

### 4.1 Фискални влијанија

Донесувањето на измените на овој закон ќе предизвика фискални импликации врз буџетот.

### 4.2 Социјални влијанија

Предложените законски измени ќе имаат позитивни социјални влијанија преку зајакнување на стабилноста и независноста на јавниот радиодифузен сервис, регулаторот и ЈП Македонска радиодифузија, што ќе придонесе за поефикасно остварување на нивната јавна функција. Со обезбедување предвидливо финансирање се создаваат услови за стабилност, одржливост, функционалност и ефикасност на трите институции. Дополнително, се поттикнува поголема транспарентност и отчетност во користењето на јавните средства, што има позитивен ефект врз општествената кохезија и демократските процеси.

### 4.3 Влијанија врз животната средина

Донесувањето на ова законско решение нема да има влијание врз животната средина.

### 4.4 Административни влијанија и трошоци –

*а) трошоци за спроведување*

За спроведување на измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги нема да бидат потребни дополнителни административни трошоци. Исто така, нема да има дополнителни трошоци за институциите надлежни за спроведување на законот.

*б) трошоци за почитување на регулативата*

Предложените законски измени не воведуваат нови обврски, туку прецизираат постоечки механизми на финансирање на радиодифузната дејност.

## 5. Консултации

### 5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

Засегнати страни кои учествуваа при креирање на измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беа претставници од Министерството за дигитална трансформација, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

### 5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

На работни средби меѓу Министерството за дигитална трансформација и на Министерството за финансии беа усвоени заеднички мислења по однос на формулацијата и содржината на изменетиот член 105 од законот.

### 5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

Немаше мислења кои не беа земени предвид.

## 6. Заклучоци и препорачано решение

### 6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

Позитивните влијанија на предложените измени вклучуваат финансиска предвидливост, стабилност на трите институции и поголема транспарентност во користењето на средствата.

Негативните влијанија може да се однесуваат на ограничената флексибилност при значителни економски промени во општеството.

### 6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

Успешната примена на измените на законското решение зависи од доследното спроведување на предвидените финансиски механизми, навремено обезбедување на средствата и ефективна координација помеѓу засегнатите институции.

Ризиците од спроведувањето и примената на решението се поврзани со можни несогласувања во буџетското планирање, промени во економските услови кои би ја ограничиле флексибилноста на финансирањето, како и потенцијално задоцнување во при исплатата или редефинирањето на висината на средствата по истекот на утврдениот период од пет години.

### 6.3 Препорачано решение со образложение

Препорачаното решение е донесување и имплементација на измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со кои преку измена на членот 105, обезбедува јасен и предвидлив механизам на финансирање кој ќе ги балансира јавниот интерес, институционалната независност и буџетската одржливост.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### 7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

Предлог измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не предизвикуваат потреба од менување на други закони.

### 7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

/

### 7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување

Министерството за дигитална трансформација и Министерството за финансии ќе бидат надлежни за спроведување на измените на членот 105 од ЗААВМУ.

### 7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

За ефикасно спроведување на измените на законот треба да се обезбеди редовна и континуирана исплата на средствата за финансирање, воспоставена координација помеѓу Министерството за финансии, Министерството за дигитална трансформациија, јавните радиодифузни институции и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и подготовка на планови за прилагодување на финансирањето во случај на економски промени или варијации во буџетските приходи.

## 8. Следење и евалуација

### 8.1 Начин на следење на спроведувањето

Следењето на спроведувањето на законското решение би се вршело преку редовни извештаи и контроли за распределбата и користењето на средствата, како што се Годишни планови за работа, Годишни извештаи за работа, како и периодични/квартални финансиски извештаи на трите институции, со посебен фокус на усогласеност со утврдените буџетски параметри и законските одредби.

### 8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Евалуацијата на ефектите од законските измени ќе биде задача на Министерството за дигитална трансформација во соработка со Министерството за финансии. Показатели на успешност од спроведувањето на законот ќе бидат: редовната и навремена исплата на средствата, усогласеноста со буџетските параметри и ефикасната координација меѓу засегнатите институции.

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум: 03.2026 год.**

**потпис на државен секретар**

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум: 03.2026 год.**

**потпис на министерот**

Република Северна Македонија

**Министерство за дигитална трансформација**

## ИЗЈАВА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРОПИСОТ СО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА СО КОРЕСПОНДЕНТНА ТАБЕЛА

| |
|---|
| **1. Правен пропис** |
| 1.1. Назив на прописот |
| **Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** |
| 1.2. Предлагач |
| Министерство за дигитална трансформација |
| 1.3. ЕПП број |
| Овој предлог закон не е предмет на усогласување со правото на ЕУ, туку во истиот се вршат соодветни измени коишто се од национален карактер, а Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е усогласен со правото на ЕУ согласно Изјавата за усогласеност со овој закон, со ЕПП број 2020.0007.8096 |
| 1.4. Број и назив на поглавјето од правото на ЕУ согласно Националната програма за усвојување на правото на ЕУ |
| / |

| |
|---|
| **2. Усогласеност на предлогот на прописот со одредбите на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји членки** |
| 2.1. Одредба од Спогодбата која се однесува на нормативната содржина на прописот |
| / |
| 2.2. Дали правниот пропис е во согласност со одредбите од Спогодбата |
| ☐ Да ☐ Не |
| 2.3. Причини за неисполнување, односно делумно исполнување на обврските кои произлегуваат од наведените одредби на Спогодбата |
| / |

| | |
|---|---|
| **3. Усогласеност на предлогот на прописот со изворите на правото на Европската унија** | |
| 3.1.Одредби на примарните извори на правото на ЕУ | |
| 3.2. Степен на усогласеност со секундарните извори од правото на ЕУ | |
| | ☐ потполна усогласеност ☐ делумна усогласеност ☐ неусогласеност |
| ЕУ пропис -CELEX бр. | ☐ потполна усогласеност ☐ делумна усогласеност ☐ неусогласеност |
| 3.3. Причини за делумна усогласеност или неусогласеност со секундарните извори на правото<br>/ | |
| 3.4. Усогласеност со останати извори на правото на ЕУ<br>/ | |
| 3.5. Рок во кој е предвидено постигнување на потполна усогласеност на предлогот на прописот со правото на Европската унија | |
| 3.6. Кореспондентна табела (прилог)<br>Нема | |

1

Република Северна Македонија

**Министерство за дигитална трансформација**

| **4. Превод на изворите на правото на Европската унија и правниот пропис** | | |
|---|---|---|
| 4.1. Дали горенаведените извори на правото на ЕУ се преведени на македонски јазик и ако се преведени, наведете го изворот на преводот. | | |
| ☐ ДА | Верзија МК | ☐ НЕ |
| | | |
| 4.2. Достапност на преводот на изворите на правото на ЕУ | | |
| | | |
| 4.3. Дали предлог прописот е преведен на англиски јазик? | | |
| ☐ ДА | ☐ НЕ | |
| 4.4. Достапност на преводот на предлог прописот | | |
| | | |

| |
|---|
| **5. Стручна помош и мислење (Европска комисија, КАРДС, ИПА, TAIEX, SIGMA, држава членка на ЕУ, Совет на Европа, домашни стручњаци и др.)** |
| 5.1. Учество на техничка помош и консултанти во изработката на предлогот на прописот |
| / |
| 5.2. Дадено мислење за усогласеноста на прописот |
| / |

| **Раководител на надлежниот сектор** | |
|---|---|
| Име презиме: | **Љупка Ивановски** |
| Звање и работно место: | Раководител на сектор за нормативно правни работи |
| Потпис: | |
| Датум: | 23.03.2026 година |
| **Раководно лице/функционер во органот изработувач на правниот пропис** | |
| Име презиме: | |
| Потпис: | |
| Датум: | |
| **Раководно лице/функционер во органот предлагач на правниот пропис** | |
| Име и презиме: | **Стефан Андоновски** |
| Потпис: | |
| Датум: | 23.03.2026 година |